Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-10758/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3855.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), а во врска со член 93 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПЕН ПАТ КО СУШИЦА 1, ОПШТИНА ГОСТИВАР**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат КО Сушица 1, општина Гостивар.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со површина од 94,41м2 ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 720-дел | Сушица 1 | Русино | пасиште | 3 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 500,61$м^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11269/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3856.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 27/14, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ВО ПОТПРОГРАМА 30-УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, СТАВКА 488-КАПИТАЛНИ ДОТАЦИИ ВО ЕЛС ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19 и 262/20), утврдени во Раздел 130.01 Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, во износ од 46.170.000,00 денари, се распределуваат на:

| | | |
|---|---|---|
| ОПШТИНА ШТИП | | |
| | - поставување на заштитна ограда на тротоарите покрај кејот на реката Отиња од мостот кај трговскиот центар до црквата Свети Никола во Штип | 2.000.000,00 |
| ОПШТИНА ПЛАСНИЦА | | |
| | - изградба на водовод во село Преглово, општина Пласница | 9.000.000,00 |
| ОПШТИНА ТЕТОВО | | |
| | - изградба на водоснабдителен систем во Мала Речица, општина Тетово | 6.170.000,00 |
| ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА | | |
| | - изградба на канализација за Бурови Варим Бојанов Дол, општина Крива Паланка | 6.000.000,00 |
| ОПШТИНА ОХРИД | | |
| | - препораки од УНЕСКО за градби во Охрид | 6.000.000,00 |
| ОПШТИНА ДОЈРАН | | |
| | - изградба на канализациона мрежа во Фурка, општина Дојран | 5.000.000,00 |
| ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА | | |
| | - изградба на канализација во општина Демир Капија | 2.000.000,00 |
| ОПШТИНА САРАЈ | | |
| | - изградба на канализација во општина Сарај | 10.000.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **46.170.000,00** |

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата од точка 1 на оваа одлука да ги префрли на посебна наменска сметка на Општина Тетово, Општина Крива Паланка, Општина Охрид, Општина Дојран, Општина Демир Капија и Општина Сарај.

3. Се задолжуваат Општина Штип и Општина Пласница да доставаат извештај за наменско користење на средствата до Министерството за транспорт и врски заклучно со месец декември 2020 година, за средствата од точка 1 на оваа одлука, префрлени согласно Одлука број 44-737/1 од 4 февруари 2020 година.

4. Се задолжуваат Општина Тетово, Општина Крива Паланка, Општина Охрид, Општина Дојран, Општина Демир Капија и Општина Сарај да достават извештај за наменско користење на средствата до Министерството за транспорт и врски заклучно со месец ноември 2021 година.

5. Општина Штип, Општина Пласница, Општина Тетово, Општина Крива Паланка, Општина Охрид, Општина Дојран, Општина Демир Капија и Општина Сарај распределените средства треба да ги користат за намената предвидена во точка 1 од оваа одлука, во спротивно општините имаат обврска да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-11270/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3857.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019 и 275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР -ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „Д-Р ХАИМ АБРАВАНЕЛ“ БИТОЛА**

1. Веселин Стојчевски се именува за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 20-10310/2
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3858.**

Врз основа на член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019 и 275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР -ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – РАДОВИШ**

1. На Никола Камчев, му се утврдува престанок на мандатот член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 20-10643/2
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3859.**

Врз основа на член 183 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019 и 275/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СВЕТИ НИКОЛЕ**

1. Од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, стручен работник од центарот за социјална работа, се разрешува Дејана Николова, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, стручен работник од центарот за социјална работа се именува Катерина Сенева-Конева, дипл. социјален работник-тријажер.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20-10767/2 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3860.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 5/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ”- П.О. СКОПЈЕ**

1. Елпида Младеновска се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми”- П.О. Скопје, на нејзино барање.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми”- П.О. Скопје, се именува Ристо Пецов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20-11086/2 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3861.**

Врз основа на член 102 став 2 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019 и 275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР -ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА „Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ - БИТОЛА**

1. На Ѓоко Талевски му се утврдува престанок на мандатот член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 20-11157/2 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3862.**

Врз основа на член 141 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016, 63/2016 и 113/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР, БИТОЛА**

1. Осман Шукриу се именува за директор на Јавната установа Национален парк Пелистер, Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20-11190/2 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**3863.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/2020), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

1. Еран Куртиш се именува за вршител на должноста директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20-11234/1 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3864.**

Врз основа на член 159 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2013, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 35/2018, 220/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/2019, 275/2019 и 31/2020), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Владата на Република Северна Македонија дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр. 02 – 4378/1 од 19.11.2020 година, со која за заменик директор на Фондот е именуван Шаип Зенељи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Северна  Македонија“.

Бр. 20-11318/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3865.**

Врз основа на член 141 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016, 63/2016 и 113/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР, БИТОЛА**

1. Од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер, Битола се разрешува Амет Аџиу.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-11319/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3866.**

Врз основа на член 13 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 , 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/2019 и 261/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА СОВЕТ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

1. Трајче Ангеловски се разрешува од должноста член на Советот за јавно приватно партнерство, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-11323/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3867.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ И БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Во Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19 и 166/20), во делот 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА во ставот 1 износот „65.000.000,00“ се заменува со износот „47.000.000,00“, а износот „50.000.000,00“ се заменува со износот „32.000.000,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-10640/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3868.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 265/19), а во врска со член 16 став (7) од Законот за игри те на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА 2020 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I. Во Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2020 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 9/20), во дел I во ставот 2 износот „50.000.000,00" се заменува со износот „46.500.000,00".

Во делот I–а Раздел 161.01 – Агенција за млади и спорт, Програма 2 - Потпрограма 20 – спорт, Ставка 463 – Трансфер до невладини организации, табелата се заменува со нова табела, која гласи:

| Реден број | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на националните спортски федерации заради обезбедување нивна функционалност, работа на органите и телата на федерациите и функционирање на националниот спортски систем | 10.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање на младински рангирани клубови учесници во националниот спортски систем организиран од националните спортски федерации | 22.000.000,00 |
| 3. | Партиципација за финансирање на стручната работа во младинските рангирани клубови, учесници во националниот спортски систем, организиран од националните спортски федерации | 2.500.000,00 |
| 4. | Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за борбата против допингот во спортот | 1.000.000,00 |
| 5. | Партиципација за финансирање на Проектот - млади спортски надежи, селекција, рана спортска специјализација и двојна кариера на млади спортисти | 6.000.000,00 |
| 6. | Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на жената во спортот | 2.500.000,00 |
| 7. | Партиципација за финансирање на проекти за поддршка на спортот на лица со пречки во развојот и посебни потреби | 1.500.000,00 |
| 8. | Партиципација во програмски активности на национални спортски федерации за поддршка и развој на спортот за сите и услови за спортување на спортските ветерани и возрасните граѓани | 1.000.000,00 |
| | Вкупно: | 46.500.000,00 |

Во точката 2 износот „23.000.000,00" се заменува со износот „22.000.000,00"

Во точката 3 износот „3.000.000,00" се заменува со износот „2.500.000,00"

Точката 9 се брише.

Во делот I–б Раздел 161.01 – Агенција за млади и спорт, Програма 2 - Потпрограма 20 – спорт, Ставка 464 – Разни трансфери, табелата се заменува со нова табела, која гласи:

| Реден број | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање програми за поддршка на талентирани млади спортисти и поддршка на програмските активности за рана спортска специјализација | 10.260.000,00 |
| | Вкупно: | 10.260.000,00 |

Во точката 1 износот „10.500.000,00" се заменува со износот „10.260.000,00"

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-10774/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3869.**

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2020 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува изработка на урбанистички планови, урбанистички проекти и друга предпроектна и проектна документација (во натамошниот текст: урбанистички планови и урбанистички проекти) за 2020 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, раздел 13001 Министерство за транспорт и врски – Програма 3 – урбанизам и градежништво, Потпрограма 30 – урбанизам и градежништво, ставка 425 – договорни услуги, потставка 425640 – изработка на просторни и урбанистички планови, со вкупен износ од 10.000.000,00 денари.

III

Средствата од дел II на оваа програма се користат за:

1. Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за Технолошки индустриски развојни зони и индустриски зони;
2. Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за автокампови и туристичко развојни зони;
3. Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за електроцентрали од обновливи извори на енергија за потребите на Министерство за економија согласно Законот за енергетика (*);
4. Изработка на Генерален урбанистички план за Град Скопје;
5. Изработка на Генерален урбанистички план за Куманово;
6. Изработка на Урбанистички проект за објект со основна класа на намена В2-социјална заштита на КП бр. 54, запишана во Имотен лист бр. 161 за КО Шишево-вон град, Општина Сарај;
7. Изработка на Детален урбанистички план за Блок 8 од Градска четврт ССИ 03 од Генералниот урбанистички план на Град Скопје донесен со Одлука на Советот на Град Скопје бр. 07-5068/1 од 23.12.2012 година;
8. Изработка на Детален урбанистички план за Градски четврти 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10 формирани со Генерален урбанистички план за Крушево донесен со Одлука на Советот на Општина Крушево бр.07-609/4 од 30.7.2013 година;
9. Изработка на Генерален урбанистички план за Тетово;
10. Изработка на Урбанистички план за село Брвеница, Општина Брвеница;
11. Изработка на Урбанистички план за село Долно Палчиште, Општина Боговиње;
12. Изработка на Урбанистички план за село Долно Оризари, Општина Шуто Оризари;
13. Изработка на Урбанистички план за село Мојанци, Општина Арачиново;
14. Изработка на Урбанистички проект за изградба на пат до „Тренинг центар МВР-УБК", КО Загорци, Општина Радовиш;

15. Изработка на Урбанистички проект за градежна парцела за прифатен центар за странци на КП бр. 35 во КО Бардовци, Општина Карпош;

16. Изработка на Урбанистички проект за Казнено-поправна установа Идризово;

17. Изработка на Урбанистички проект за изградба на меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во Општина Свети Николе;

18. Изработка на Урбанистички проект за автокамп во Општина Петровец;

19. Изработка на Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин „Маркова нога - Лемос";

20. Изработка на Урбанистички проект за изградба на фотоволтаични централи, со намена Е2- комунална супраструктура, КО Богданци вон-град, Општина Богданци;

21. Изработка на Урбанистички проект за формирање на градежни парцели во Блок 1, за наменска зона 1.1 со основна намена В2- здравство и социјална заштита – Универзитетски клинички центар, дефинирана во Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров;

22. Изработка на Урбанистички проект за Казнено-поправна установа Прилеп;

23. Изработка на изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЈИ02, Општина Аеродром, донесен со Одлука на Советот на Општина Аеродром бр.08-2708/1 од 11.04.2017 година за основна класа на намена В4-Полициска станица- Аеродром;

24. Изработка на заштитно конзерваторски основи за урбанистичките планови и урбанистичките проекти од оваа програма;

25. Изработка на ажурирани геодетски подлоги за урбанистичките планови и урбанистички проекти од оваа програма;

26. Изработка на студии или елаборати за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за урбанистичките планови и урбанистичките проекти од оваа програма;

27. Изработка за услови за планирање за урбанистичките планови и урбанистички проекти од оваа програма;

28. Исплата на средства по доставени фактури за урбанистички планови, урбанистички планови за четврти, урбанистичко - плански документации, студии или елаборати за стратешка оценка на влијанието врз животната средина и услови за планирање на просторот, чие изготвување е започнато согласно Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр.4/13, 69/13, 130/13 и 163/13), Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.15/14, 143/14, 161/14 и 182/14), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација, урбанистичка планска документација за туристичка развојна зона, урбанистичка планска документација за автокамп и проект за инфраструктура во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/14 и 62/15), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 215/15), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/16, 29/16, 68/16 и 190/16), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко –проектни документации за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 192/16, 114/17 и 191/17), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/18, 56/18, 73/18 и 212/18) и Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2019 година („Службен весник на РепубликаСеверна Македонија" бр. 16/19, 107/19 и 248/19), ќе се врши согласно условите за исплата утврдени со програмите од оваа точка.

IV

1. Изработката на урбанистичките планови и урбанистичките проекти од оваа програма се врши од страна на Агенцијата за планирање на просторот. Реализација на оваа програма се врши врз основа на договор меѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за планирање на просторот како и договор меѓу Министерството за транспорт и врски и подносителот на предлогот за изработување на урбанистички план или урбанистичко планска документација во случаите на финансирање од нивна страна или кофинансирање, со кој се утврдуваат случаите за постоење на обврска за враќање на исплатените средства од оваа програма во Буџетот на Република Северна Македонија во случај на прекинување на изработката на истите по барање на подносителот на предлогот за нивно изработување.

2. Исплатата на средствата од дел II на оваа програма ќе ја изврши Министерството за транспорт и врски за секоја задача одделно во зависност од степенот на извршување на задачата, а врз основа на барање за исплата со приложени: програма, договор и извештај за степенот на извршената задача доставен од Агенцијата за планирање на просторот, при што исплатата ќе се врши на следниот начин:

- за урбанистичките планови 50% од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, 30% по изработување на нацрт на урбанистичкиот план, а 20% по изработување на предлог на урбанистичкиот план;

- за урбанистичките планови кои немаат фаза на нацрт урбанистички план 50 % од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, а 50% по изработување на предлог на урбанистичкиот план;

- за урбанистичките проекти 100% од вредноста на задачата ќе се исплати по нивно изработување и доставување во информацискиот систем е – урбанизам, и

- заштитно конзерваторските основи, ажурираните геодетски подлоги, студиите или елаборатите за стратешка оценка на влијанието врз животната средина како и елаборатите за услови за планирање на просторот ќе се исплатат по нивно изработување.

V

Министерството за транспорт и врски за реализираните буџетски средства од оваа програма доставува извештај со финансиски показатели до Владата на Република Северна Македонија, заклучно со 31.1.2021 година.

VI

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации во 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/20).

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-10631/1
24 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. Партизански одреди бр. 29, Поштенски фах 51
в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.

ISSN 0354-1622
2020284